Основен суд Неготино, како првостепен надлежен парничен суд, од Претседателот на советот судија Билјана Толова, постапувајќи по тужбата на тужителот Блажо Арсов од Демир Капија, против тужената Даландуше Арсова од Демир Капија, сега со непознато престојувалиште, заради развод на брак, вредност 20.000,00 денари, надвор од рочиште, врз основа на член 76 став 1 од ЗПП, на ден 19.04.2024 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ НАЗНАЧУВА** привремен застапник на тужената Даландуше Арсова, поради непознато живеалиште и престојувалиште во државата.

За привремен застапник и се назначува **адвокат Душан Костурски** од Неготино и истиот во постапката ги има сите права и должности на законски застапник, се додека тужениот или негов полномошник не се јават пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека назначил старател.

За назначувањето на привремениот застапник, судот веднаш да го извести Центарот за социјална работа, да издаде оглас во „Службен весник на РСМ“ и да го објави на огласната табла на судот.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Блажо Арсов од Демир Капија поднесе тужба против тужената Даландуше Арсова од Демир Капија, сега со непознато престојувалиште во државата, заради развод на брак, вредност 20.000,00 денари.

Судот, постапувајќи по тужбата, побара податоци од МВР ОВР Неготино за пријавено престојувалиште на тужената во РСМ или податоци за нејзина адреса, од каде е известен дека МВР не располага со податоци ниту за престојувалиште на ова лице во РСМ, ниту за негово живеалиште или престојувалиште во странство.

Поради наведеното, судот оцени дека се исполнети условите од член 76 став 1 и став 2 точка 4 од ЗПП за назначување на привремен застапник, бидејќи живеалиштето и престојувалиштето на тужениот е непознато, а истиот нема полномошник.

Судот, без одлагање за назначувањето на привремениот застапник, ќе го извести Центарот за социјална работа, во смисла на член 76 став 3 од ЗПП.

Според член 77 од ЗПП, привремениот застапник во постапката за која е поставен ги има сите права и должности на законски застапник. Тие права и должности ги врши се додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека поставил старател.

Судот, согласно член 78 став 1 од ЗПП, за назначувањето на привремениот застапник преку „Службен весник на РСМ“ ќе објави оглас и истото ќе го објави и на огласната табла на судот.

Решено на ден 19.04.2024 година во Основен суд Неготино.

**Претседател на совет-Судија,**
Билјана Толова

**Правна поука:**
Против ова решение не е дозволена посебна жалба.

**Доставено до:**
-ЈУ МЦСР Неготино
-огласна табла на судот
-адв.С.Митковска
-привр.заст.адв.Д.Костурски